PUBLICIS GROUPE

**ПРИДРУЖИ СЕ НА НАШИОТ УСПЕШЕН ТИМ**
на позицијата

## Chief Accountant / Главен сметководител

ПУБЛИЦИС Груп, водечка интернационална агенција за маркетинг комуникации, ја огласува потребата од пополнување на позицијата Главен сметководител

**Клучни одговорности**

- Подготовка на даночни извештаи и поднесување на истите до Управата за јавни приходи (ДДВ пријави, пресметки за персонален данок, пресметки користејќи го TAX пристапот, пресметки за данок на добивка)
- Сметководствена евиденција на документите поврзани со приходи и трошоци подготвени од лицата во одделот, контрола на истите во сметководствен софтвер (познавање на MSS, IFRS)
- Подготовка на финансиски извештаи (за трошоци, парични текови, побарувања и обврски, инвестиции и сл.) и за државните институции, согласно законските прописи и барања
- Подготовка и поднесување на Завршна сметка во Централен регистар и Даночен биланс до Управата за приходи
- Работа со ревизорски тимови (екстерна и интерна ревизија)
- Секојдневно следење и организирање на работата поврзана со сметководствените активности и анализа на сметководствени податоци со цел обезбедување точност (контрола на потенцијални грешки)
- Изготвување на пресметки за плати
- Координација со сите клучни засегнати страни
- Следење и примена на законска регулативи и сметководствени стандарди

**Потребни квалификации**

- Диплома од завршен Економски факултет - предност е насока сметководство, ревизија или финансии
- Поседување на активна лиценца за овластен сметководител
- Одлично познавање на англиски јазик
- Познавање на работа со компјутер (MS Office, ERP системи) и сметководствена програма за книжење
- Познавање на законската регулатива и нејзино активно следење, задолжителни посети на семинари/обуки/запознавање со новините, измени и дополнувања на даночната и сметководствената регулатива
- Задолжително работно искуство најмалку 5 години како сметководител и сметководствено-финансиска оператива, подготовка на завршна сметка и слично
- Предност е искуство во работа со Oracle HFM платформа, работно искуство за сметководствена евиденција во SAP платформа и работа во меѓународна компанија

**Придобивки**

- Работа во маркетинг областа, во една од најголемите светски маркетинг корпорации
- Компетитивна нето плата за локалниот пазар
- Приватно здравствено осигурување
- Надомест-регрес за годишен одмор
- Систем на награди според реализација на целите на компанијата
- Платена членарина во Институтот на овластени сметководители и часови на KPU согласно правилникот на Институтот
- Можност за доусовршување и развој на кариерата, во динамична и креативна околина

Заинтересираните кандидати/ки да ги достават своите биографии **најдоцна до 26.10.2023** на мејл: biljana.mitrevska@publicis.com.mk, cc: natasa.ivanovska@insight.mk, со наслов: Chief Accountant Publicis. Кандидатите кои ќе ги исполнуваат условите за позицијата ќе бидат контактирани за интервју.

-